Врз основа на член 387 став 1, а во врска со членовите 383 и 384 од Законот за трговски друштва и членот 20 од Статутот на Рудници “Бањани” АД Скопје, Одборот на директори на Рудници “Бањани” АД Скопје објавува

# **П О В И К**
## **до Акционерите за учество на Собрание на акционери на Рудници “Бањани” АД Скопје, с.Кучевиште Скопје**

Собранието ќе се одржи на ден 15.04.2019 (Понеделник) со почеток во 9.00 часот во управната зграда на Рудници “Бањани” АД Скопје.

За седницата на редовното собрание на акционери на Друштвото, Одборот на директори го утврди следниот:

## **ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на претседавач на собранието на акционери
2. Избор на комисија за верификација и броење на гласови
3. Разгледување и усвојување на годишна сметка, годишен извештај за работење и ревизорски извештај за 2018 година
4. Донесување Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење на ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Рудници Бањани” АД Скопје за 2019 година.
5. Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на Одбор на директори
6. Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за 2018 година
7. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда
8. Донесување на Одлука за откуп на сопствени акции
9. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Статутот
10. Разно

Собранието одлучува само за прашањата утврдени со дневниот ред од Одборот на директори. Вклучувањето на нови точки во дневниот ред се врши по писмен пат до Одборот на директори на начин утврден во член 390 од Законот за трговски друштва.

На Собранието може да учествува секој акционер лично или да овласти полномошник согласно член 392 од Законот за трговски друштва.

Матерјалите за седницата на Собранието ќе бидат достапни за акционерите и нивните полномошници, согласно доставените и заверени полномошна во просториите на Друштвото.

**Рудници “Бањани” АД Скопје**
**Одбор на директори**